Врз основа на член 26, став 4 од Законот за административните такси („Службен весник на Републиката Македонија", бр. 17/93, 20/96, 7/98, 13/2001, 24/2003,19/2004, 61/2004, 95/2005, испр.7/2006, 70/2006 и 92/2007), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ И ЗА ЛЕПЕЊЕ И ПОНИШТУВАЊЕ НА ВРЕДНОСНИЦИ И ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИТЕ КОИ СЕ ПЛАЌААТ ВО ГОТОВИ ПАРИ

## Член 1

Административните такси (во натамошниот текст: такси) во износ до 200 денари се плаќаат во таксени марки.

Таксите се плаќаат и во готови пари ако:

1.таксата за поодделни списи и дејства изнесува повеќе од 200 денари; и

2.плаќањето на таксата во готови пари е пропишано со Законот за административните такси, односно со таксената тарифа без оглед на износот на таксата.

## Член 2

Ако таксата се плаќа во готови пари, таксениот обврзник ја уплатува на определена сметка кај институцијата за платен промет и кон списот се приложува еден примерок од потврдата за платена такса.

## Член 3

Таксата се плаќа во моментот на настанувањето на таксената обврска и тоа:

1) за поднесоците во моментот кога се предаваат, а за поднесоците дадени на записник - кога записникот се составува;

2) за решенијата, дозволите и другите исправи во моментот на поднесувањето на барањето за нивното издавање; и

3) за управните дејства - во моментот на поднесувањето на барањето за извршување на тоа дејство.

## Член 4

Таксата се плаќа по настанувањето на таксената обврска за списите и дејствата за кои со Законот за админитративните такси односно со таксената тарифа е пропишан таков начин на плаќање.

## Член 5

Таксените марки се лепат на поднесоците.

## Член 6

Поништувањето на таксените марки кои се лепат на поднесокот, го вршат органите надлежни за прием на поднесокот.

Поништувањето на таксените марки се врши со печат на органот од став 1 на овој член.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

Правилникот е објавен во Службен весник бр. 43 од 1993 г. а измена е направена во Службен весник бр. 23 од 1996 г.